# Вест Живот



### НЕВИДЕНА ГЛЕТКА ВО ГЛАВНИОТ ГРАД

# Агресивни женски бркаа невино момче во центарот на Скопје



Паника во центарот на Скопје! Вчера претпладне, чудното и малку агресивно однесување на неколку скопски девојчиња ги збуни минувачите. Додека дечкото од фоткава нонШалантно одеше од кај семкарата "Зуко" накај ГТЦ, пет девојчиња одеднаш му се сипаа, и како оси го нападнаа. Оваа случка ја улови објективот на нашиот фоторепортер. Едната го тегне за раце, другата за коса, третата го влече, мислев мацата ќе му ја скинат. Дечково, иако пробуваше да им избега, не му одеше баш од рака. Кулминација беше кога девојкиве фатија да го бркаат и кон Жена парк! Сирото момче, едвај избега од нив, со трчање накај "Рекорд". Убавите девојчиња, видоа не видоа, се откажа. Што им беше на девојчињата, така понеделнички да му се навртат на едно обично момче кое си се шеташе по центарот на градот? Останува енигма. ***(А. Г.)***

# Троицки на "Макфест 2004" ги сака Владо, Калиопи и Есма

Фестивалот "Макфест", на својот 19-ти роденден повторно ќе организира две вечери со шоу-програми со познати музички имиња. Дознаваме дека и оваа, како и претходната година ќе има шоу, но не на познати музички имиња од странство туку, како што веќе била практика на фестивалот, наши докажани ѕвезди. Меѓу имињата кои се планирале биле Владо Јаневски, Калиопи и Есма. Која од овие ѕвезди ќе биде гостин на "Макфест" сѐ уште не се знае, зашто преговорите со нивните менаџери сѐ уште траеле. Ова ни го потврди и директорот на "Макфест" Стојан Троицки и додаде дека кое од овие наши имиња да дојде ќе биде убаво зашто тоа се здрави естрадни личности, кои го заслужуваат вниманието на "Макфест". ***(В.М.)***

# "Златна бубамара на популарноста" на 18 февруари



Седмото по ред "златно наградување" на најпопуларните од радио "Буба мара", ќе се одржи на 18 февруари во Универзалната сала. Традиционално, шоуто ќе го води Тони Михајловски, овој пат зајакнат со помошта на син му Александар.

Поради големата навалица за билети со врски, "штабот" на "Златна буба мара на популарноста" реши годинава да се огради од нивната продажба и подарување, за да може целата енергија да ја насочи кон организацијата и изработка на сценариото. Затоа, билетите од денеска ќе бидат пуштени во продажба во туристичката агенција "Прима ексклузив" и на касата на Универзалната сала.

Организторите најавуваат богато шоу, а имињата на гостите ќе се држат во тајност до одржувањето на манифестацијата. Наградата за животно дело ќе ја добие Димитар Масевски. ***(М.Џ.)***

# Татјана Лазаревска најалтан пејачка



Најалтан пејачка е Татјана Лазаревска, најалтан композитор Горан Тодоровски, најаранжер Сашо Ливрински и најалтан песна е "Ајде сестро да запееме", испеана во дует од сестрите Маријана и Росана. Ова се резултатите од четвртото издание на фолк-манифестацијата "Алтан на годината", според гласовите на новинарите и слушателите на емисијата "Мразам народно" на радио "Рос", кое е и организатор на оваа манифестација. Но, најдобри има прогласено и посебно, по гласање на новинари и слушатели. Според гласовите на новинарите најдобар аранжер е Сашо Ливрински, најдобри автори на стихови се Огнен Неделковски и Борче Нечовски, за композитор е прогласен Горан Тодоровски, албум "Не кани ме" на Миле Кузмановски, фестивал "Валандово 2003", група "Боеми", пејачкото место го делат Татјана Лазаревска и Елена Георгиевска, хит "Рибари запејте со мене" на Елена Георгиеваска и "Македонски мерак" и спот без гласање, зашто е единствен "Љубомора" на Андријана Алачки.

Според гласовите на слушателите на емисијата "Мразам народно" на радио "Рос", најаранжер повторно е Сашо Ливрински, текстописец е Радмила Митовиќ, композитор, Горан Тодоровски, најалбум "Со мерак" на Нино Величковски, фестивал "Валандово 2003", група "Рандеву", пејачка е Татјана Лазаревска, пејач Горан Тодоровски, хит дуетот на Маријана и Росана "Ајде сестро да запееме". (В.М.)